Врз основа на член 24 (1) од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити (Службен весник на Република Македонија бр. 51/2011 со сите последователни измени и дополнувања) Финансиското друштво ФД КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7134185 со регистрирано седиште на ул. Максим Горки 11-1/4, Скопје, застапувано од Георги Руков, прокурист на Друштвото, на ден 15.02.2024 година го издава следното:

**О В Л А С Т У В А Њ Е**

**за кредитен посредник**

Финансиското друштво КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7134185 со регистрирано седиште на ул. Максим Горки 11-1/4 Скопје („Друштвото"), го овластува Друштво за трговија и услуги ИКТ СМАРТ СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје ЕМБС 7699603, со седиште на ул. бул. АСНОМ бр. 18/2 – 2, Скопје („Кредитен посредник"), во име и за сметка на Друштвото да врши посредување при склучување на договори за потрошувачки кредити одобрени од Друштвото, со што Кредитниот посредник се овластува да ги презема следните дејствија:

- Да презентира или нуди договори за потрошувачки кредит;
- Да ги презентира нашите производи и услуги;
- Да дава информации за начинот и условите за добивање на потрошувачки кредит;
- Да помага при воспоставување контакт со физички лица заинтересирани да ги користат производите и услугите на Друштвото;

Ова овластување важи од денот на неговото издавање и трае за времетраењето на склучениот Договор за соработка од 09.02.2024 година, заведен кај ФД КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје под бр.12-03/24 од 09.02.2024 година.

**ФД КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје**

**Георги Руков**

**Прокурист**

ФИНАНСИСКО ДРУШТВО КРЕДИСИМО ДООЕЛ СКОПЈЕ 1

Јас, НОТАР Зафир Хаџи-Зафиров
За подрачјето на Основните судови на град Скопје

Потврдувам дека
за ФД КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје , ул.Максим Горки бр. 11-1/4, Скопје, ЕМБС: 7134185, ,застапникот по закон Георги Георгиев Руков, Софија, Софија, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: 389025481 Издадена од МВР Софија Р.Бугарија

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 100 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 200 денари.

Број УЗП 1737/2024

Во Скопје 15.02.2024

НОТАР

Зафир Хаџи-Зафиров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗАФИР
ХАЏИ-ЗАФИРОВ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
ВЕНЦИСЛАВА НЕШОВИЌ
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје